Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општината Центар-Скопје, /„Службен гласник на Општина Центар број 1/06/, градоначалникот на Општината Центар-Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Центар за 2011 година**

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Центар за 2011 година

што Советот на Општина Центар, ја донесе на 48-та седница одржана на 18.03.2011 година.

Број 08-1193/ 3
21.03. 2011 год.
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар
Владимир Тодоровиќ,с.р.

Изготвил: Г. Мицевски
Контролирал: Г Грујоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 5/2002) и член 15 став 1 точка 1 и член 28 точка 12 од Статутот на Општина Центар („Службен гласник на Општина Центар број 1/06") Советот на Општина Центар на 48-та та седница, одржана на 18.03.2011 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ „Ф" НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЗА 2011 ГОДИНА**

1. Програма за урбано планирање „Ф" на Општина Центар за 2011 година („Службен гласник на Општина Центар број 20/2010 и 2/2011) во Дел I Ф.1 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, РАСХОДИ, се дополнува со текстот кој гласи:

Поради економски развој на Општината Центар, врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 51/2005;137/2007;91/2009;124/2010 и 18/2011) во скратена постапка, пропишана во член 24-а ставови 2, 3 и 4 од наведениот Закон, ќе се донесат следните детални урбанистички планови:

1. ДОЛНО ВОДНО
2. СТАРО ВОДНО
3. ЦВЕЌАРА
4. ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1
5. ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2
6. ГРАДСКА ПОРТА И МАЏИР МААЛО (НОВО МААЛО)
7. ДУЌАНЏИК
8. СУДКА ПАЛАТА 2
9. ГРАДСКА ЧЕТВРТ КАПИШТЕЦ ЛОКАЛИТЕТ - КЛИНИЧКИ БЛОК
10. ГРАДСКА ЧЕТВРТ КАПИШТЕЦ ЛОКАЛИТЕТ-ГЕОЛОШКИ ЗАВОД
11. ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА
12. ГОЛЕМ РИНГ – ИСТОК
13. ПРОЛЕТ
14. ЈУЖЕН ДЕЛ ОД ЦГП
15. КАПИШТЕЦ
16. БУЊАКОВЕЦ 2
17. БУЊАКОВЕЦ 1
18. ДЕБАР МААЛО 2
19. СТАРА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА
20. МИРЧЕ МАЦАН
21. ФРАНЦУСКИ ГРОБИШТА

2. Постапките за изработка и донесување на Деталните урбанистички планови од точка 1 до точка 21 да стартуваат истовремено.

3. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општината Центар".

Бр.07-1193/2
18.03.2011 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Центар
Владимир Здравев,с.р.